

# ИМЕТО НЕ СЕ БРАНИ СО КОПАЊЕ ПО МИНАТОТО

**Меѓу студентите важи за строга, но праведна професорка. Остра и принципиелна, во својата научна област аргументирана и јасна. Д-р Наде Проева, професор по античка историја на Филозофскиот факултет на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" и човек кој своето образование го усовршувал на Сорбона, а за унапредувањето на културните врски помеѓу Македонија и Франција од француската влада го добила орденот Витез на академски палми, жестоко се противи на антикоманијата и политизацијата на науката. Професор Проева вели дека ниту Грците, ниту ние не сме директни наследници на античките народи, а најлошо што може да му се случи на еден народ е политизација на науката. - Денес секој знае сѐ, пишува за сѐ и дава оценка за сѐ, а тоа е погрешно толкување на демократијата. Во тој хаос и таа врева, за жал, не се слуша гласот на науката - вели професор Проева**

**■ Професор Проева, дали го гледавте документарецот на МТВ „Македонска молитва"? Црквата даде благослов, голем дел од јавноста е буквално шокиран со содржината, веќе има и остри оценки за шовинистичките пораки на филмот. Каков е Вашиот став и како историчар и како граѓанин?**

● Да, го гледав документарецот. Станува збор за еден евтин национализам, може да се каже дури и вулгарен национализам, во којшто пораката е дека Македонците се од амебите што би се рекло, слично на она што до вчера го правеа нашите северни соседи, а јужните го прават одамна. Значи, во овој документарец ние се спуштивме на нивото на нашите јужни соседи коишто, ете, тврдат дека се творци на целата цивилизација и дека тие сѐ му дале на светот, што се разбира не е точно. Во целиот документарен филм има многу неточни работи. Прво, не постои ниту раса ниту народ Македоноиди, натаму има многу навредливи елементи како што е она тврдење дека сите други се мулати, погрешно е и тоа дека Александар ги водел до Јапонското Море, натаму има и некакви хипи-елементи, бидејќи, нели, се тврди дека Македонците се деца на цвеќето. Всушност, еден фалбаџиски филм, први меѓу првите, најдобри меѓу најдобрите и сѐ така во тој стил, што е крајно несериозно бидејќи и да е така тоа треба другите да го кажат, а не ние самите.

**■ Ве молам за коментар, колку е опасно, на пример, кога децата гледаат филм за некакви Македоноиди, кои ги создал Господ како создавачи на белата раса и на кои уште Господ им го дал и царот Александар да ги води дури до Јапонското Море? Да не заборавиме, тие пораки ги емитуваше јавниот сервис, а документарниот филм одеше и на сателитската програма на МТВ!**

● Опасно е затоа што се создава еден шовинистички однос кон другите. Македонците никогаш во својата историја не биле шовинисти и секогаш биле и се отворени кон другите, имале еден толерантен однос и една широчина кон другите народи. Сега со една таква шовинистичка содржина, каква што се пласира, буквално се трујат младите генерации, а настрана тоа што е штетно бидејќи ни се смее светот! Мене ми е многу криво што тоа се случува, бидејќи Македонците никогаш во историјата ниту ги за-



Tea moderna, 437 (X), 4.2.2009

грозувале другите, ниту пак воделе освојувачки војни, не поробувале, туку секогаш биле поробени и сега во ова време кога имаме своја држава навистина е жално со вакви шовинистички пораки да се образоваат младите луѓе. Многу е деплацирано во време на еден глобален свет да се оди со такви шовинистички содржини, тоа е тотално демоде.

**■ Веќе подолг период живееме во еден наметнат амбиент на политичка опседнатост со антиката и барањето на македонските корени во Александар Македонски. Нормален човек, едноставно, се прашува - што ни се случува?**

● Опседнатоста со антиката е една реакција на негирањето, кое ни се случува од сите страни - од негирањето на името од страна на Грција, па до негирањето на црквата, територијата или, пак, јазикот. Но, проблемот и штетата е во тоа што наместо да им се објаснат нештата на луѓето, опседнатоста со антиката се поддржува, дури имам чувство дека тоа е и неофицијален став на власта, што е многу штетно. Прво, се спуштаме на нивото на Грција, а второ - реакцијата е тотално погрешна. Јас постојано кажував, и на предавањата и во интервјуата, дека до вчера во тој систем во кој живеевме, во социјалистичкиот систем, каде што преовладуваше комунистичката идеологија која е космополитска по дефиниција, ни се негираше секаква врска со античките народи, што беше погрешно. Денес, пак, се оди во една друга крајност, сега кај нас се става знак на еднаквост меѓу античките народи и современиците, што е исто така погрешно. Може кој сака да тврди колку сака, но ниту Грците, ниту ние, ниту пак современите денешни Французи, не се директни наследници на античките народи. Нема директни наследници на античките народи. Античките народи во еден таков чист облик не постојат бидејќи се изумрени. Се разбира дека тие не испариле и не можеле да исчезнат, туку дел од нив се претопиле учествувајќи во генезата на современите народи, но тоа не ни дава право да се изедначиме со античките народи. Прво, доказ е тоа што не го зборуваме нивниот јазик. На пример, Французите не го зборуваат келтскиот јазик, кој е изумрен уште во антиката. Денешните Грци зборуваат еден грчки јазик, кој се наметнал благодарение на православието што се ширело на старогрчки јазик и разликата меѓу нив е како што е разликата кај нас меѓу старословенскиот и македонскиот јазик.

Всушност, мислам дека таа опседнатост со антиката кај нас се пренесе од иселеништвото, бидејќи тие таму беа отсекогаш под еден притисок од Грците и чувствувајќи се позагрозени се обидуваа да докажат, така што ќе кажат, а сега и кај нас тоа го слушам: „Ако може современите Грци да тврдат дека се директни наследници на античките народи, зошто ние да не можеме?". Јас, пак, на тоа секогаш им велам - па ако некој се дави, дали и ти ќе се давиш? Значи, тоа е еден неточен и погрешен приод и сега наместо ние да останеме достинствени, ние го прифаќаме тој погрешен поглед за кој, нели, велат дека е начин за да се брани името, а тоа е еден сосема погрешен начин за одбрана на името. И второ, ние сме подолго време во дебела криза, но не само ние туку и целиот Балкан, особено по распаѓањето на бившиот систем, а кога си во криза тогаш луташ. Значи, ние не само што ја исфрливме туку и ја исплукавме таа идеологија, а владејачките партии, но за жал и интелектуалците, на луѓето не им понудија друга идеологија и други вредности. На пример, ние ги отфрливме сите вредности од тој бивш систем, дури и тие што навистина вредеа бидејќи беа општоцивилизациски вредности, а не само вредности на бившиот систем. Но, со валканата вода, ние го исфрливме и детето! Згора на тоа, до вчера најголемите комунисти или активисти во ЦК сега се први на трибините на ВМРО-ДПМНЕ. И токму тие ќе ја уништат партијата бидејќи тие се полтрони и камелеони, тие се во партијата поради конјунктурност, а не поради убедувањата.

**■ Како го објаснувате токму тоа што владејачката партија сепак упорно продолжува да докажува дека македонската нација потекнува од Александар Македонски, а не од Словените? Велите дека е тоа неофицијално државна политика на власта?**

● Јас имам таков впечаток. Не знам дали сакаат да докажат дека потекнуваме од античките Македонци, меѓутоа тие на тој начин мислат дека ќе го одбрани името. Тоа е мојот впечаток, немам директни контакти со власта, никогаш не сум ни била, ниту, пак, ќе бидам член на политичка партија. Велам уште еднаш, тоа е погрешно мислење и јасно е дека советниците на водечките луѓе во власта погрешно ги советуваат. Во овој контекст морам да ја спомнам и неодамнешната изјава на премиерот Никола Груевски, кога кажа дека Европа молчеше кон Македонија исто како што молчеше во времето кога Хитлер почнал да ги окупира соседните земји. Прво, тоа е политички многу штетна изјава дури и да е така, а второ нека извинат советниците на премиерот, но тие погрешно го советуваат бидејќи погрешно ја користат историјата. Историјата е практична наука, уште и Херодот рекол дека пишувал не само за да не се заборави туку и за да може искуството да им послужи на идните државници и војсководци. Не е точно дека Европа молчеше. Напротив, Европа воопшто не молчеше во однос на Македонија, Европа ни порача уште од Лисабон дека ќе нè признае ако го смениме името, а сега секој ден ни порачува да направи ►

## ОРИГИНАЛИТЕ СЕ УНИШТУВААТ ВЕЌЕ ДВЕ ГОДИНИ ПРЕД ВЛАДАТА

- Како историчар, но прво како археолог бидејќи по дипломата сум прво тоа, кога минувам покрај тие камени артефакти, мене ми се стега срцето зашто добро знам што значи и колку е штетно такви оригинални скулптури да бидат изложени во такви услови. Ние немаме право така да се однесуваме кон нив, зашто ние имаме должност тие оригинали да ги зачуваме за идните генерации. Второто што ми пречи е следното - планот на Владата беше оригиналите да бидат изложени на платото пред зградата на Владата само два месеца, односно додека не бидат заменети со копии. Еве, поминаа повеќе од две години, а копиите никаде ги нема. Тоа е недозволиво однесување на власта.



**Може кој сака да тврди колку сака, но ниту Грците, ниту ние, ниту пак современите денешни Французи, не се директни наследници на античките народи. Нема директни наследници на античките народи**



Со професорот Пјер Кабан, на неговото предавање на Филозофскиот факултет во Скопје, 1996 година



Со професорот Милутин Гарашанин, надворешен член на МАНУ, на пристапната беседа, мај 2001 година

## НАЈДОБАР КОМПРОМИС Е ДОДАВКА НА ИМЕТО

- Јас мислам дека е неопходен компромисот, бидејќи работата дојде до таму што компромисот мора да се постигне ако сакаме да бидеме членки на меѓународните институции и организации. Не знаевме да го одбраниме името на почетокот, бевме многу уплашени, мислевме дека сме мали, политичарите тогаш не знаеја дека никој нема право да бара такво нешто како што е менување на името. Требаше од почетокот да се оди со поцврст став, сега е веќе доцна, сега, пак, се оди со премногу тврд став, а тоа не е добро. Мислам дека мора да се прифати компромис и според мене најдобриот компромис е додавка на нашето име. Ние веќе имаме јасна одредница пред името, со самото тоа што сме Република Македонија јасно се прави разликата со грчката провинција Македонија. Потребно е водечките политичари да имаат јасна стратегија и да кажат отворено дека треба да се постигне компромис, а најдобриот компромис е додавка на името и тоа за меѓународна употреба. Мислам дека двојната формула беше единствената добра работа во целиот овој период на битката за името. Меѓутоа, со сите овие глупости како што беа преименувањата на аеродромите, Грција веќе не ја прифаќа двојната формула, но ние мора да се изборимe за тоа, како заради нас така и заради оние 120 земји што нè признаа со нашето уставно име.




## НЕМА НАУКА АКО СИ ВО СЛУЖБА НА ПОЛИТИКАТА

**Се среќавате ли со Вашите грчки колеги?**

Повеќе не. Јас имав одлична соработка со моите грчки колеги сè до распаѓањето на Југославија. Првите мои контакти со нив се од времето на мојот престој во Франција, каде што бев на специјализација и кога се вратив, јас секоја година истражував во Француската археолошка школа во Атина. Таму се среќавав со моите грчки колеги и мислев дека имам пријатели меѓу нив, но кога почна распаѓањето на Југославија и проблемот со името моите колеги замолчеа, престанаа да се јавуваат и никој од нив не изнајде сили да се огради од таквата политика на грчката влада. Јас знам дека е тоа многу тешко, зашто веројатно ќе беа дискредитирани, но тие мене добро ме познаваат и знаат колку сум дискретна и дека никогаш такво нешто не би злоупотребила. Потоа, еднаш еден мој колега, како ништо да не било, побара од мене едни материјали и се разбира, јас му ги пратив, и толку. Со една моја колешка се сретнав во Франција и беше многу непријатно, ништо не разговаравме, нејзе ѝ беше непријатно поради политиката на нејзината влада, веројатно како што и мене сега ми е непријатно поради сето ова што го прави нашата влада.

**Кои вредности Ве воделе низ животот?**

Пред сè, моралните вредности. Значи, чесноста, да можеш да се исправиш пред луѓето и да не се срамиш, мислам дека тоа е основното. Да одиш со исправена глава, да бидеш чесен и во животот и во професијата. Зашто ако се ставиш во служба на политиката, не можеш да бидеш чесен ни во науката. Секогаш ќе бараш елементи кои ти одговараат, а оние другите ќе ги премолчуваш.

**Од кого учевте? Кој Ви беше пример во Вашата професионална работа?**

Често велам дека она што сум како стручњак, тоа е благодарение на моите двајца професори. Едниот е професорот Милутин Гарашанин, а втората е нашата битолчанка, професорката Фанула Папазоглу. Тоа се стручњаци од светски глас и луѓе со морален интегритет.

**Успеавте ли да си ја зачувате својата слобода? Тешко ли е да се остане независен?**

Многу тешко, особено на Балканот и особено кај нас и во едни вакви временња - невремиња. Но, јас си ја сакам мојата професија, мојата работа ме исполнува и успеав да си ја зачувам мојата слобода. Јас сум човек што знае што сака и кога сум сигурна дека сум во право тогаш одам до крај. Ја имам и таа морална цврстина, тоа е мојот карактер, и можам да се изборам и сум се изборила за мојата независност. Но, најмногу тоа го правам заради моите студенти, бидејќи тоа е мојот морален долг како професор кон нив зашто и јас така сум ги доживувала моите професори. Сигурна сум дека само со воспитување на младите генерации можат работите да се сменат на подобро.

ме компромис со Грција за името!

**Што мислите, дали со античката опседнатост се прави обид да се предизвика криза на идентитетот на нацијата?**

Мислам дека тоа што се прави не е свесно, туку од незнаење. Не верувам дека можат да направат криза во идентитетот, туку дека непотребно ги збрлавуваат луѓето. Јас уште на почетокот реагирав, меѓутоа потоа се повлеков бидејќи денес секој знае сè, пишува за сè и дава оценка за сè, а тоа е погрешно толкување на демократијата. Во тој хаос и таа врева, за жал, не се слуша гласот на науката. Од друга страна, пак, еден дел од моите колеги се вклучија во таа пропаганда и во тој тренд за докажување на правото за античкото минато. Се разбира дека ние имаме право, ние го носиме нивното име и единствени сме го задржале тоа име, живееме на таа територија, значи ние сме должни тоа наследство да го чуваме и да го проучуваме, меѓутоа тоа не ни дава право да се идентификуваме стопроцентно. И второ, ние сме должни да го сочуваме, а не да го уништуваме. Јас бев една од ретките што реагираа веднаш на поставувањето на оригиналите пред владата. Тогаш многу колеги ми рекоа - сите мислиме како тебе! Но, ете, никој немаше храброст тоа јавно да го каже. Јас знам дека засегнатите колеги ми се лути, но исто така знам дека никаде во светот оригиналите не се изнесуваат на улица, каде што се изложени на загадувања од издувните гасови и од атмосферските влијанија. Со таква постапка не се докажува правото на името. Се знае како се брани името, владата треба да направи тим од експерти од сите области, од историчари до археолози, а не само тим од еден човек кој кажува погрешни работи. На пример, тврдењето дека на онаа плоча пред Владата пишува Македон не е точно! Таму пишува Македонијах, а тоа е титула како што е патријарх и само епиграфичар може да каже што пишува, а не пак праисторичар. Колегата што тоа го кажува, не знае ниту збор грчки. Исто така, мора да кажам јас не се мешам во праисторијата, но на пример, за мене наколната бронзенодопска населба не е неопходна во овој момент. Убаво е, но во оваа криза да се дадат толку многу пари мислам дека не е неопходно, зашто Охрид има доволно знаменитости. Затоа, ги молам колегите праисторичари да им ја остават антиката на античарите.

## "Најстрашно нешто што може да му се случи на еден народ е токму политизацијата на науката"

**Дали Вашите студенти бараат објаснување од Вас и Ве прашуваат дали се антички потомци?**

Знаете, на студентите им е јасен проблемот зашто на предавањата детаљно и со научни факти се обработуваат тие прашања од етногенезата на античките Македонци. Навистина, во секоја генерација има по еден или двајца кои однапред се „затруени" и убедени дека се наследници на Александар Македонски, па ме гледаат со неверување кога ги објаснувам сите овие работи. Некогаш ќе се разубедат, а некогаш не, но тие се сепак многу ретки поединци. Останатите студенти го прифаќаат објаснувањето на науката. Единствено ме прашуваат - па зошто кога античките Македонци не се Грци, зошто тогаш Грците упорно ги присвојуваат. Јас тогаш велам дека е тоа така бидејќи си ја имаат мувата на капата - тие го добиле на подарок од Европа најголемиот дел од територијата на Македонија и за да го оправдаат тоа, тие тврдат дека античките Македонци биле Грци што во науката е отфрлено. Имено, до Втората светска војна преовладуваше мислењето дека античките Македонци биле Хелени (или стари Грци), но по Втората светска војна се ретки тие што така мислат затоа што има нови археолошки и епиграфски извори, имиња на натписите врз основа на кои можеме да ја изучуваме етничката припадност на народите..

**Ни треба ли споменик на Александар Македонски во центарот на Скопје?**

И да и не! Споменици на големите луѓе се градат секаде кај сите народи, така што погрешно е тврдењето на Грците дека ние им ја крадеме историјата. Во речиси секој поголем град има споменици на големи луѓе, коишто го задолжиле човештвото и цивилизацијата. Но, мислам дека тајмингот на градењето на споменикот на Александар Македонски не е добар, а и местото каде се предлага да биде изграден споменикот, исто така, не е добро. Ние имаме во Скопје еден единствен голем плоштад и сега таму е предвидено да се градат толку многу споменици и објекти што тоа нема да личи на ништо. Ако се изгради сето тоа што се предвидува, тогаш ќе се задуши целата визура на плоштадот кон Камениот мост и ние секако ќе имаме еден плоштад кој ќе изгледа како некоја жена која на себе наставала и облека и накит во сите можни стилови. Јас навистина не знам што прават нашите урбанисти и архитекти и каде се да го кренат својот глас против така предвидениот изглед на плоштадот. Власта мора да го чуе и почитува нивното мислење.

Второ, сигурна сум дека изградбата на споменикот на Александар Македонски ќе биде сфатена како провокација. Ние така нема да докажеме дека имаме право на античкото наследство, зашто ние на тоа имаме право како што имаат право сите народи. Не може да се тврди дека човекот на статуетката 8.000 години пред нашата ера бил Македонец! Не

може да не се земат предвид миграциите, преселбите на народите, а такви миграции на Балканот, кој е најкусиот мост меѓу Европа и Азија, имало многу низ историјата. Ви се молам, и сега некој ќе ми тврди дека Адам од Говрлево бил Македонец. Па, тоа е смешно, ни се смее целиот свет, аман луѓе!

> **Не може да се тврди дека човекот на статуетката 8.000 години пред нашата ера бил Македонец! Не може да не се земат предвид миграциите, преселбите на народите, а такви миграции на Балканот, кој е најкусиот мост меѓу Европа и Азија, имало многу низ историјата. Ви се молам, и сега некој ќе ми тврди дека Адам од Говрлево бил Македонец. Па, тоа е смешно, ни се смее целиот свет, аман луѓе!**

**Како гледате на владините одлуки за преименување на објекти и патишта со антички имиња?**

Тоа е истото како и со споменикот на Александар Македонски. Значи, да се докаже дека имаме право на античкото минатото, а тоа е сосема погрешен начин, кој во оваа чувствителна ситуација од страна на Грците се сфаќа како провокација и со тоа само се отежнува нашата борба за зачувување на името. Јас веќе имам кажано дека е срамота и жално онаругло од аеродром да го носи името на Александар. Навреда е за Александар неговото име да се стави на онаква штала од аеродром.

**Во сите изјави и извештаи на меѓународните претставници се посочува на фактот дека премногу се трошат енергија на минатото, наместо да се мисли на иднината и на европските перспективи на Македонија. Мислите ли дека е така?**

Знаете, минатото е потребно за националната свест на еден народ, без историја не може да се опстои и затоа се учи историјата секаде. Меѓутоа, историјата треба да биде во функција на иднината, треба да се извлечат поуки од историјата, од грешките. Често пати се вели - историјата се повторува! Но, тоа не е повторување во буквална смисла на зборот, туку пред човекот се поставуваат истите дилеми и прашања, само во различни контексти и сега нам искуството од минатото ни помага и нè учи како да ги решиме тие дилеми. Ние во таа смисла треба да бидеме свртени кон историјата. Јас, на пример, како археолог, навистина се радувам кога се одвојуваат пари за истражувања зашто кај нас со години многу малку се инвестираше во археолошките истражувања. Но, сега се оди во едно крајно тенденциозно инвестирање и тоа е веќе политизација на науката. Најстрашно нешто што може да му се случи на еден народ е токму политизацијата на науката. Значи, пари се даваат со цел да се најде доказ дека имаме право да го носиме името! Нема да се најде доказ на ниеден локалитет дека имаме право да го носиме името. Тој доказ е во нас самите, ние треба да се избориме за тоа име - со работа и со нашите денешни достигнувања да докажеме дека сме на некој начин достојни на тие наши далечни предци и дека можеме да создадеме многу повеќе. Јас тука морам да го спомenam примерот на Тоше Проески. Лично не го познавав, но неговата загуба многу тешко ја доживеав зашто тој беше пример колку многу може да се направи за својата држава. Тоше Проески направи за Македонија повеќе од сите наши политичари. Тој ќе ја разнесеше славата за Македонија низ светот како што ја рашири низ целиот Балкан. Тоше е единствениот што успеа да го натера целиот Балкан да пее на македонски јазик. Така може да се сочува името и тоа е успех. Така се брани името. Името не се брани со копање по минатото. Тоше беше пример кој ги учеше младите генерации на оние нормални универзални човечки вредности, вредности кои политичарите треба да ги учат. Тој покажа дека во оваа Македонија, од која многумина бегаат или сакаат да избегаат, од таква Македонија може да се успее и да се направи светска кариера.

**Што е за Вас патриотизам?**

Да се сака својата земја и својот народ, да се работи за доброто на својата држава. Тоа и американскиот претседател Кенеди го има кажано: што си направил ти за својата држава, а не само државата за тебе. Тоа е така бидејќи ние сме тие, ние ја сочинуваме државата. Ние обично сме најсреќни кога ќе искористиме нешто од државата, а тоа е така зашто долго време во нашата историја сме биле без своја држава. И сега кога имаме своја држава, ние несвесно се однесуваме исто како порано. Тоа некои, па за жал и некои мои колеги го толкуваат како немање на национална свест, што е многу погрешно. Ако немавме национална свест немаше да опстоиме со сите тие обиди да бидеме денационализирани. Ние имаме национална свест, но немаме чувство за држава.

**Јулијана Кочовска-Кртолица**

